Бр./Nr 12-3622/2

27-04-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-тата седница одржана на 21.04.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата со број 12-3622/1 од 19.10.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-3622 од 2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-3622/1 од 19.10.2020 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Во пријавата подносителот изразува незадоволство од стручната експертиза (вештачење) на судски вештаци по кривичен предмет по кој постапувало /// (во понатамошниот текст: *). Го оспорува вештиот наод и мислење /// изработен од ///, поради коруптивни причини. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.

Со увидот во содржината на пријавата, ДКСК не утврди елементи за надлежно постапување за овој конкретен случај, заради што одлучи како во диспозитивот. Дотолку повеќе што ДКСК има постапувано по предмет со слични наводи бр. 12-2073 од 03.06.2021 година, при што на својата 59-та седница одржана на 20.01.2022 година донесе одлука бр. 12-2073/9 од 20.01.2022 година, која е јавно објавена на нејзината веб страница.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р В. Г.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**